| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Другарство |
| **Содржина на денот** | Моите другари |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алекоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема: „Безбедно поздравување“.<br>Одржување на хигиена и стекнување безбедни навики. |
| **Активности** | -Разговор за градинката и другарите од градинка.<br>Преку едукативни книги и слики со детето се разговара за градинката во која одело или ќе оди, за играчките, игрите и нешто најбитно за другарите и другарството.<br>- Дидактичка игра „Да се претставиме на другарчето„<br>Во домот можете да направите пријатна средина за игра која што можете да ја наречете „Нашата градинка“, а во позадина да се слуша песна „Другарство“- Поточиња 2013. Преку игра со куклите детето може да се поттикне да им се претстави на другарите но исто така и да ги каже имињата на другарите од градинка.<br>- Прошетка во паркот и практично совладување на здрави и безбедни навики за поздравување и однесување во поширока средина. |